Ноќта на 15 април 1912 година потона прекуокеанскиот брод Титаник, дотогаш најголем патнички брод изграден во светот. Во ладните води на Атлантскиот океан, освен бродот засекогаш потонале и двајца тресончани, единствени Македонци кои загинале на Титаник, меѓу останатите 1.523 души!


"All the News That's Fit to Print."

The New York Times.

TITANIC SINKS FOUR HOURS AFTER HITTING ICEBERG; 866 RESCUED BY CARPATHIA, PROBABLY 1250 PERISH; ISMAY SAFE, MRS. ASTOR MAYBE, NOTED NAMES MISSING

Col. Astor and Bride, Isidor Straus and Wife, and Maj. Butt Aboard.

"RULE OF SEA" FOLLOWED

Women and Children Put Over in Lifeboats and Are Supposed to be Safe on Carpathia.

PICKED UP AFTER 8 HOURS

Vincent Astor Calls at White Star Office for News of His Father and Leaves Weeping.

FRANKLIN HOPEFUL ALL DAY

Manager of the Line Insisted Titanic Was Unsinkable Even After She Had Gone Down.

HEAD OF THE LINE ABOARD

Biggest Liner Plunges to the Bottom at 2:20 A. M.

RESCUERS THERE TOO LATE

Except to Pick Up the Few Hundreds Who Took to the Lifeboats.

WOMEN AND CHILDREN FIRST

Cunarder Carpathia Rushing to New York with the Survivors.

SEA SEARCH FOR OTHERS

OLYMPIC SENDS THE NEWS

The Lost Titanic Being Towed Out of Belfast Harbor.

Тоа се браќата Јанко и Миле од родот Смилески - печалбари кои биле на пат за Америка. Иако нивната семејна лоза има и други толкувања, зашто и во Србија ден денеска има едно семејство кое вели дека Миле потекнувал од Црна Гора и оти немал брат Јанко, ами неколкумина браќа и една сестра кои во 1912 година живееле во Америка, а тој одел кај нив, сепак аргументите се и на двете страни, а и најстарите тресончани го задржале паметењето за двајцата браќа од маалото Врлевци кои пред почетокот на балканските војни потонале на Титаник.

Најстарите жители на Тресонче раскажуваат како дури од деца слушале за смртта на нивните соселани на Титаник. Има можност, тие да потекнуваат од познатиот тресонечки род на Сарџо Брадина или од некое друго помало семејство Смилевци, но старите не паметат дека имало други Смилевци в село. Доколку се од првиот род, во тој случај имаат врска со Смиле, внук на познатиот ќаја Сарџо Караџа Брадина. Смиле бил син на Трене и Софија. Во родовското стебло на оваа фамилија се среќава името Милетие.

Мајка им ја викале Трена (или Треневица, н.з.) и кога разбрала оти нејзините единствени синови потонале некаде на море додека со голем брод патувале кон Америка, одлучила да засади орев, за секој намерник да каснува по едно кокале за душа на загинатите синови. Тоа го сторила и за да не се сотре паметењето за нивната фамилија, зашто пред многу години починал и мажот. Трена починала во длабока старост некаде во времето на Втората Светска Војна.

Оревот навистина беше огромен џин и еден од најголемите во долината, но тресончани го заборавија аманетот на баба Трена. Во доцните осумдесети или во раните деведесетти години од 20 век, два-тројца тресончани одлучија дрвото да се пресече, бидејќи во тие години ореовото стебло достигна нешто повисока цена од вообичаената. Едниот од нив беше од Кадиевци, а другиот од Бошковци, а денеска и двајцата не се повеќе живи.

За среќа, се уште постојат остатоци од гигантското стебло на оревот, кое како смртно ранет див лежи на падините меѓу Врлевци и сред село - “Ленишча”, скаменето од сонцето, дождот и снеговите. Во догледна иднина неговото стебло би требало да се заштити или да се префрли на суво место, за и во иднина да остане да биде сведок за загинатите Мијаци на Титаник.

Додека авторот на овие редови со месеци го истражуваше случајот “Титаник - Тресонче”, барајќи низ американските Интернет архиви податоци за загинатите патници на тој брод, стигна допис од архивата наречена “Encyclopedia Titanica”, најбогатата Интернет страница каде може да се најдат секакви информации за несреќата. Во дописот упатен од уредниците на отворениот форум за информации стигна и потврдата за патникот Миле Смиљаниќ (или Смиљановиќ), кој загинал на 37 годишна возраст. За неговиот брат Јанко не пристигна ништо!

Од информациите до кои беше дојдено се дознава дека Миле, откако неколку години печалбарел низ Србија и Хрватска, преку Австрија заминал за Саутхемптон (Англија) и оттаму на 10 април 1912 година (во среда) се качил на Титаник на пат кон Њујорк. Се качил како патник од третата класа, пријавувајќи се како земјоделец. На бродот, како земјоделци, заедно со Миле, се пријавиле вкупно 49 лица. Бројот на неговиот билет бил 315037, што Милета го чинел 8,13 фунти. Тој ден во Саутхемптон на бродот се качиле 1.645 патници без да знаат дека за само 5 дена повеќемина од нив ќе се удават во ладните води на Атлантикот.

Името на неговиот брат Јанко беше пронајдено во хрватски архиви во кои се цитира публикација со наслов “Титаник”, објавена во Сараево во 1998 година. Таму и двајцата се водат како Хрвати, а во големата “Encyclopedia Titanica”, Миле Смиљаниќ се води како патник кој дошол од Австрија и чија дестинација е непозната. Имињата Јанко и Миле и самите Хрвати ги токлуваат како сосема "нехрватски".

Додека живеел во Србија Миле основал семејство чии наследници и ден денеска живеат во околината на Белград. Неговата внука Софија во 2004 година беше се` уште жива, но во длабока старост. Таа носи исто име како и името на можната мајка на Миле, односно Софија, жената на Трене Смилески!

Интересно е што името на Јанко не се споменува меѓу официјалната листа на загинати. Неговото име не се поврзува ниту со местото каде што се качил на бродот. Се претпоставува оти постои можност, како и голем број други лица, Јанко да успеал скришно да влезе како слеп патник на Титаник, за со Милета да заштедат некоја пара за кога ќе стигнат во Америка. Тоа веројатно никогаш нема да го дознаеме.

Телата на тресончаните Миле и Јанко Смиљаниќ никогаш не биле пронајдени! Бродоломот го преживеале само 705 лица кои биле извлечни од екипажот на бродот “Карпатија”.